## Анекс 1: Детален опис на работната задача

**Опис на услугата**

Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест од Скопје, во рамки на проектите “Поддршка на одржливо управување со Споменикот на Природа Вевчански Извори” финансиран од Prespa Ohrid Nature Trust и „Заедно за реките“ финансиран од The Nature Conservancy има потреба од ангажман на физички и правни лица за изработка на два кратки документарни филма со цел промоција и едукација за придобивките од заштитените подрачја.

**Основни информации**

Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест истражува, информира и делува кон унапредување на јавните политики и навиките за одржливо живеење и заштита на животната средина. Нашата визија е праведно, одговорно и совесно општество каде здрави граѓани одржливо живеат во благосостојба и хармонија со животната средина. Своите мисија и визија ги остваруваме преку различни иницијативи кои вклучуваат поддршка и поттик на граѓанската свесност и активно учество на локалните заедници. Промовирањето на практични решенија во соработка со организации и институции, дополнително допринесуваат кон исполнување на нашата визија и мисија. За нашиот успех, доказ се јавните кампањи за подигнување на свеста за климатските промени, заштитата на природата и водите, аерозагадувањето, енергетската транзиција и зелената трансформација кои ги спроведуваме повеќе од две децении и имаат допрено до над 1 милион граѓани.

Проектите во кој се предвидува ангажман на физичко или правно лице за изработка на документарни филмови имаат за цел промоција на Споменикот на природа Вевчански Извори и идното заштитено подрачје Демиркаписка клисура.

**Цел на услугата**

Активностите што вклучуваат ангажман на физичко или правно лице за изработка на документарни филмови имаат цел да едуцираат и да ја подигнуваат свеста кај јавноста за потребата и придобивките од заштитените подрачја, можностите за локалното население од прогласувањето на заштитени подрачја, продолжување на употреба на позитивните практики во подрачјето, зачувување на природното наследство и културното наследство.

Преку документарните филмови треба да се прикаже улогата, потенцијалот и значењето кое заштитените подрачја ги имаат во одржувањето и зачувувањето на биодиверзитетот и природната состојба на еко-системите како и човековото здравје и благосостојба. Документарните филмови треба да ги прикажат карактеристиките поради кои што се заштитени или треба да се заштитат, моменталниот статус и начините на управување со овие подрачја и да демонстрира добри практики за овие аспекти. Документарните филмови е предвидено да опфатат и интервјуа со лица кои треба да вклучуваат претставници на локалното население.

Документарниот филм е потребно да биде прилагоден во соодветни формати за да може да се споделува на социјални медиуми и да може да се емитува на телевизија.

**Обем и детален опис на услугата**

За успешна реализација на планираните активности на организацијата во договорениот временски рок, ангажираното физичко или правно лице е потребно да ги спроведе следниве активности:

- Да изработи концепт креативно сценарио за два кратки документарни филмови;
- Да го презентира концептот за двата кратки документарни филмови пред Еко-свест и да ги модифицира во согласност со дадените насоки од Еко-свест;
- Да подготви и достави нацрт видео содржина за одобрување на страна на Еко-свест;
- Да ги интегрира насоките и забелешките од Еко-свест во крајната верзија на видео документарците;
- Да изработи комплетна видео продукција и постпродукција на документарните филмови, (со камера, дрон, микрофон, аудио продукција);
- Да обезбеди фотографии од снимањето и снимaните подрачја;
- Да ги предаде документарните филмови во соодветен формат (висока дефиниција 1080 HD и верзија за споделување на социјални медиуми) во договорениот рок.
- Да одржува консултативни состаноци со лицата назначени за контакт од страна на Еко-свест, во термини меѓусебно и однапред договорени.

**Временска рамка**

Периодот на имплементација е во периодот од 2 септември 2024 и 30 септември 2025 година. По склучување на договорот, избраната страна ќе има период од 13 (тринаесет) месеци за реализација на договорените задачи.

| **Резултат** | **Краен рок** |
|---|---|
| **Вевчани** | |
| Поднесен разработен концепт | 16.09.2024 |
| Одобрување од страна на Еко-свест | 23.09.2024 |
| Снимање на терен – есен | 30.11.2024 |
| Снимање на терен - зима | 28.02.2025 |
| Снимање на терен - пролет | 15.05.2025 |
| Достава на пред-финална верзија | 30.05.2025 |
| Достава на финален продукт со вклучени коментари | 15.06.2025 |
| **Демир Капија** | |

| | |
|---|---|
| Поднесен разработен концепт | 30.04.2025 |
| Одобрување од страна на Еко-свест | 07.05.2025 |
| Снимање на терен | 15.08.2025 |
| Достава на пред-финална верзија | 15.09.2025 |
| Достава на финален продукт со вклучени коментари | 30.09.2025 |

**Буџет**

Максималниот буџет достапен за извршување на горенаведените задачи нема да надмине 184.000 МКД без вклучен ДДВ достапни од проектот "Поддршка на одржливо управување со Споменикот на Природа Вевчански Извори" финансиран од Prespa Ohrid Nature Trust и 246.000 ден со вклучен ДДВ проектот „Заедно за реките" финансиран од The Nature Conservancy.

**Контакт лице**

Контакт лица за проектот ќе бидат:

Наум Илиески
Е-маил: naum@ekosvest.com.mk
Контакт телефон: +389(0)71 381 551

и

Ѓорѓи Митревски
Е-маил: gjorgji@ekosvest.com.mk
Контакт телефон: +389(0)71 232 103